# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.07/26 од 07.05.2026 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба* *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

**СОДРЖИНА**


1. Заклучок за објавување на Одлуката за преземање на мерки за проценка и утврдување на настанати штети на земјоделските насади како последица од природна непогода – мраз........................................................ **3**
2. Одлука за преземање на мерки за проценка и утврдување на настанати штети на земјоделските насади како последица од природна непогода – мраз................................ **4**
3. Заклучок за објавување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз........................................................ **5**
4. Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз................................................ **6**
5. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и на членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз......................................... **8**
6. Одлука за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и на членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз.............................................................................................. **9**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за преземање на мерки за проценка и утврдување на настанати штети на земјоделските насади како последица од природна непогода - мраз, донесена на 11-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 07.05.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-444/1.1**
**11.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 11-та (вонредна) седница одржана на ден 07.05.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за преземање на мерки за проценка и утврдување на настанати штети на земјоделските насади како последица од природна непогода - мраз

### Член 1

Со оваа Одлука *се усвојува* предлогот на Комисијата за земјоделие за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета на земјоделските насади настаната како последица од природна непогода – мраз, која ја зафати територијата на Општина Росоман во периодот од 02ри до 04ти мај 2026 година.

### Член 2

Со оваа Одлука *се задолжуваат* општинската администрација да ја изготви потребната документација и градоначалникот да објави Јавен повик за пријавување на штетите настанати од оваа природна непогода.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-444/1.1**
**07.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз, донесено на 11-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 07.05.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-444/1.2**
**11.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 32 став 2 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Росоман, член 104, член 106 и член 107 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 143 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 124/25), Советот на Општина Росоман на 11-та (вонредна) седница одржана на ден 07.05.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз**

1. Со ова Решение се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз, која ги зафати земјоделските насади на територијата на Општина Росоман во периодот од 02ри до 04ти Мај 2026 година, во следниот состав:
   - Митко Пешов - претседател на Комисијата;
   - Лидија Танчева - член на Комисијата;
   - Цветан Стојаноски - член на Комисијата;
   - Трајче Дуков - член на Комисијата;
   - Елеонора Ѓорѓева - член на Комисијата;
   - Тодор Соколов - член на Комисијата;
   - Горан Ѓелов - член на Комисијата;
   - Павлинка Секуловска – член на Комисијата и
   - Миле Секулов – член на Комисијата.

2. Комисијата теренските активности за процена и утврдување на настанатите штети ќе ги спроведува во тимови од минимум 3 члена.

3. Комисијата има задача да изврши процена и утврдување на висината на штетите во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на штетите од страна на земјоделците, со можност за продолжување, а во зависност од обемот и бројот на поднесени пријави за штети согласно Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи, да изготви збирен Извештај за проценетите штети на подрачјето на општина Росоман во вид на Елаборат и истиот да го достави до Советот на Општина Росоман на разгледување и усвојување.

4. При вршење на теренскиот увид се задолжува Комисијата да го повика сопственикот или иմателот на парцелата да присуствува на проценката и утврдувањето на штетата и истиот да се потпише на записникот, доколку истиот одбие да се потпише Комисијата е должна до го образложи истото во записникот.

5. Претседателот и членовите на Комисијата потпишуваат изјава за одговорност со која се обврзуваат дека проценката ќе ја вршат на крајно објективен начин согласно

Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи, врз основа на стручни параметри и критериуми.

6. Паричниот надоместок на претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз, ќе биде утврден со Одлука донесена од страна на Советот на Општина Росоман.

7. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-444/1.2**
**07.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и на членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз, донесена на 11-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 07.05.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-444/1.3**
**11.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 11-та (вонредна) седница одржана на ден 07.05.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и на членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за извршената работа на претседателот и на членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз.

### Член 2

За претседателот на Комисијата се утврдува паричен надоместок во износ од 30.000,00 денари, а за членовите на Комисијата се утврдува паричен надоместок во износ од 20.000,00 денари.

### Член 3

Надоместокот на претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната како последица од природна непогода – мраз ќе се исплати од Буџетот на Општина Росоман, по завршувањето на работата на Комисијата т.е по исполнување на работните задачи согласно донесеното Решение за формирање на истата.

### Член 4

Основ за исплата на надоместокот утврден во член 2 од оваа Одлука, покрај Одлуката ќе биде и поединечниот извештај за извршени работни задачи поднесен од страна на претседателот и членовите на Комисијата.

Неоправданото отсуство и неучествување во работата на Комисијата во минимум три пати повлекува губење на правото на паричен надоместок.

### Член 5

Комисијата има обврска да ги посети предметните парцели со цел утврдување на настанатата штета. Трошоците направени за оваа намена ќе паднат на терет на Буџетот на Општина Росоман.

Комисијата има обврска да ја достави документацијата (фискални сметки, фактури и сл.) за направените трошоци (горива) до Општина Росоман, врз основа на која ќе се врши рефундирање на средства, по претходно поднесено Барање.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-444/1.3**
**07.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**